# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 13 ноември 1995
Скопје
Број 55 Год. LI

Аконтацијата за 1995 година изнесува 5.000 денари. Овој број чини 300 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

1342.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СОБИРИ

Се прогласува Законот за јавните собири, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 ноември 1995 година.

Бр. 08-3690/1
7 ноември 1995 година
Скопје

За претседател
на Република Македонија,
Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ЈАВНИТЕ СОБИРИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат начинот на остварување на правото на граѓаните на јавно собирање заради мирно изразување на мислење и јавен протест, како и случаите кога ќе се прекине одржувањето на јавен собир.

Член 2

Под јавни собири, во смисла на овој закон, се сметаат собирање на отворен или затворен простор заради остварување на забавни, културни, верски, хуманитарни, социјални, политички, економски, спортски или слични интереси на граѓаните, организирани заради јавно изразување на мислење или протест.

Не се смета за јавен собир во смисла на ставот 1 на овој член:

- верски обреди што се одржуваат во простории наменети за верски цели;
- вообичаени народни свечености;
- погребни поворки;
- собирање на простори на кои е затворен слободниот пристап заради разгледување на синдикални прашања;
- вообичаени собирања од културно-забавен или спортски карактер кои организаторот во рамките на својата дејност, ги организира во затворени простори наменети за таа цел и
- вообичаени собирања, состаноци, семинари, трибини, на претставници на државни органи, организации или други правни лица во вршењето на надлежноста, односно дејноста, собирања на политички партии и слично, во затворени простори.

Член 3

Заради интересите на безбедноста организаторот на јавниот собир може да го извести Министерството за внатрешни работи за одржување на јавниот собир и мерките што се преземени за неговото одржување.

Во известувањето организаторот ги наведува следниве податоци: целите на одржувањето на јавниот собир; местото и времето на одржувањето; организаторот на јавниот собир; мерките што организаторот ги презел во врска со непречено организирање и одвивање на јавниот собир и податоците за организирање на редарската служба.

Член 4

Заради заштита на правата на граѓаните, нормалното одвивање на сообраќајот, снабдувањето на населението со лекови, храна, гориво и слични неодложни потреби, како и заради почитување на обврските од меѓународни договори, организаторот на јавниот собир е должен да го обезбеди одржувањето на редот на јавниот собир и да организира редарска служба.

Доколку организаторот побара, а Министерството за внатрешни работи определи обезбедувањето на одржувањето на редот на јавниот собир да го врши полицијата, трошоците за тоа обезбедување ги поднесува организаторот.

Организаторот е должен да го прекине одржувањето на јавниот собир, ако дојде до загрозување на животот и здравјето, безбедноста и личната сигурност на луѓето и имотот.

Во случаите од став 3 на овој член, организаторот е должен веднаш да го извести Министерството за внатрешни работи.

Член 5

Лицата кои присуствуваат на јавниот собир не смеат да носат оружје и општо опасно орудие.

Член 6

Министерството за внатрешни работи ќе го прекине одржувањето на јавен собир во случаите кога истиот е насочен кон:

- загрозување на животот, здравјето, безбедноста, личната сигурност и имотот на граѓаните;
- вршење или поттикнување на вршење кривични дела утврдени со закон и
- загрозување на животната средина.

Министерството за внатрешни работи ќе го прекине одржувањето на јавниот собир во случај кога неговото одржување е во спротивност со меѓународните договори со кои е предвидена обврска за непречено одвивање на сообраќајот.

Член 7

Организаторот на јавниот собир е должен да ја надомести евентуалната штета што ќе настане при одржување на јавниот собир.

Член 8

Странците можат да свикуваат и одржуваат јавен собир под услови да го пријават и добијат одобрение за одржување на јавниот собир од Министерството за внатрешни работи.

Член 9

Со парична казна од четири до дваесет плати ќе се казни за прекршок правното лице (организатор) на јавен собир ако:

– не преземе мерки за одржување на редот на јавниот собир (член 4 став 1) и

– не постапи според одредбите од членот 4 ставови 3 и 4 на овој закон.

Со парична казна од една до две ипол плати ќе се казни за прекршокот од ставот 1 на овој член и одговорното лице во правното лице (организатор).

Член 10

Со парична казна од една петина до една половина од плата или казна затвор до 30 дена ќе се казни за прекршок:

1) физичко лице (организатор) ако не преземе мерки за одржување на редот на јавниот собир (член 4 став 1);

2) физичко лице (организатор) ако не постапи според одредбите од членот 4 ставови 3 и 4 на овој закон и

3) физичко лице ако носи оружје на јавниот собир (член 5).

За прекршокот од ставот 1 на овој член на странец може да му се изрече и заштитна мерка оддалечување од територијата на Република Македонија во траење од шест месеци до две години.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за јавните собири и јавните приредби („Службен весник на СРМ“ број 44/72, 41/85 и 51/88).

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**1343.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 став 3 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОПАНСКИТЕ ПРЕСТАПИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за стопанските престапи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 ноември 1995 година.

Број 08-3691/1
7 ноември 1995 година
Скопје

За претседател на
Република Македонија,
Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОПАНСКИТЕ ПРЕСТАПИ

Член 1

Во Законот за стопанските престапи („Службен лист на СФРЈ“ број 4/77, 14/85, 74/87, 57/89, 3/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 2[illegible] и 63/92), во членот 23 ставот 2 се менува и гласи:

„Ублажената казна не може да биде пониска од третини од најмалата мерка пропишана во член 18 [illegible] вови 1 и 3 на овој закон“.

Член 2

Во членот 27 став 2 зборовите: „од 50“ се заменува[illegible] со зборовите: „до 70“, а зборовите: „една плата“ [illegible] заменуваат со зборовите“ „седум плати“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот објавувањето во „Службен весник на Република Ма[illegible]донија“.

---

**1344.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 став [illegible] од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за претпријатијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 ноември 1995 година.

Број 08-3694/1
7 ноември 1995 година
Скопје

За претседател на
Република Македонија,
Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Член 1

Во Законот за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ“ број 77/88, 40/89, 46/90 и 61/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 15/93) во членот 82 став 2 по зборот „основа“ се додаваат зборовите: „податокот за вработување на неопределено време на директорот, односно на законскиот застапник и за минимумот потребен број работници пропишан со одделни закони, како услов за вршење на дејноста;“.

Член 2

Во членовите 101 став 1, 106 став 2 и 110 став 2, по потточката 2) се додава нова потточка 2-а) која гласи:

„2-а) за вработување на неопределено време на директорот, односно на законскиот застапник и за минимумот потребен број работници пропишан со одделни закони, како услов за вршење на дејноста;“.

Член 3

По членот 184 се додаваат четири нови члена 184-а, 184-б, 184-в и 184-г кои гласат:

” Член 184-а

Субјектот на уписот е должен во рок од 30 дена по уписот, до регистарскиот суд да достави договор за работа, заверен од организацијата надлежна за посредување при вработување, за вработување на неопреде-

чено време на директорот, односно законскиот застапник на претпријатието, како и за минимумот потребен број работници пропишан со одделни закони, како услов за вршење на дејноста.

Член 184-б

Досегашните регистрирани субјекти во судскиот регистар се должни, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, до регистарскиот суд да го достават актот од член 184-а на овој закон.

Член 184-в

Доколку субјектот на уписот во пропишаниот рок не го достави договорот за работа од членовите 184-а и 184-б на овој закон, регистарскиот суд е должен, по службена должност, да го избрише од судскиот регистар.

Член 184-г

Регистарскиот суд е должен, и по истекот на рокот од член 184-в на овој закон, а врз основа на пријава од инспекторот на трудот, да изврши бришење од судскиот регистар на правно лице кај кое се констатира дека нема склучен и заверен договор за работа на неопределено време на директорот, односно законски застапник, како и за минимумот потребен број работници пропишан со одделни закони, како услов за вршење на дејноста".

Член 4

Овој закон влегува во сила на 1 јануари 1996 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

---

**1345.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 став 3 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 ноември 1995 година.

Број 08-3698/1
7 ноември 1995 година
Скопје

За претседател
на Република Македонија,
Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91 и 46/93) во член 12 точка 9) зборовите: „кои не се во работен однос" се бришат, а по точката 22) се додава нов став 2 кој гласи:

„Граѓаните кои не се опфатени со задолжително здравствено осигурување според став 1 на овој член можат да пристапат кон задолжителното здравствено осигурување заради користење на правата на основна здравствена заштита од член 11 на овој закон".

Член 2

Во член 13 по зборот „осигуреник" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен правата на парични надоместоци и правото на протези, ортопедски и други помагала, помошни и санитетски справи и заботехнички средства".

Член 3

Во член 14 став 1 по бројот „12" се додаваат зборовите: „став 1", а по бројот „21" се додаваат зборовите: „и став 2".

Член 4

По член 17 се додава нов наслов и нов член 17-а кои гласат:

„Парични надоместоци

Член 17-а

Осигурениците можат да остварат право на парични надоместоци, ако ги исполнуваат следниве услови:

1) здравственото осигурување да траело непрекинато најмалку шест месеци пред настанувањето на случајот за кој може да се оствари правото, освен во случаите на повреда на работа и професионално заболување.

2) придонесот за здравствено осигурување да е редовно уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена и

3) ако оцената за привремената спреченост за работа ја дал избраниот лекар, односно лекарската комисија од член 24 на овој закон".

Член 5

Во член 20 став 1 се менува и гласи:

„Како основица за пресметување на надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа се зема просечниот износ на платата на кој е платен придонес за здравствено осигурување во последните три месеци пред настанувањето на случајот поради кој се стекнува правото на надоместокот, а за корисниците кои вршат дејност со личен труд, основицата на која е платен придонес за здравствено осигурување".

Во став 2 зборот „Ако" се заменува со зборовите: „Во случај на повреда на работа и професионално заболување, ако".

Член 6

Во член 23 се додава нов став 3, кој гласи:

„Ако доброволен дарител на крв не остварил надоместок на платата во организацијата во која е вработен, за отсуството од работа тоа поради доброволно дарување крв, може да бара тоа право да го оствари на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување".

Член 7

Во член 24 став 1 се менува и гласи:

„Оцена за привремена спреченост за работа за првите 15 дена дава лекарот кој го избрал осигуреникот, а од 16 до 60 дена и над 60 дена по предлог на избраниот лекар од примарната здравствена заштита даваат првостепените лекарски комисии при Фондот за здравствено осигурување формирани од министерот за здравство".

Во став 3 по зборот „став" се додаваат зборовите: „1 и".

Член 8

Во член 28 зборовите: „и надвор од земјата“ се бришат.

По став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„По исклучок од став 1 на овој член, осигурениците и членовите на нивните семејства имаат право на надоместок на патните трошоци ако се упатени да користат здравствени услуги во врска со дијализа и вежби за рехабилитација на видот, слухот и говорот надвор од местото на живеење, а кои се спроведуваат амбулантски“.

Член 9

Во член 31 во став 1 се додава нова точка 1 која гласи:

„1) сите здравствени услуги доколку не се опфатени во задолжителното здравствено осигурување, а осигурениците за услугите во специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита кои ги користат без упат од избраниот лекар, освен кога е во прашање итен медицински случај;“

Во точка 7 зборовите: „и надвор од земјата“ се бришат.

Точките од 1 до 11 стануваат точки од 2 до 12.

Член 10

Во член 35 став 1 зборовите: „Правата од задолжително здравствено осигурување ги остваруваат лицата на кои им е утврдено својството на осигуреник“ се заменуваат со зборовите: „Својство на осигуреник се утврдува“, а во точка 6) по бројот 12 се додаваат зборовите: „став 1“, а по бројот „20“ се додаваат зборовите: „и став 2“.

Член 11

Во член 37 став 1 се менува и гласи:

„Правата од задолжителното здравствено осигурување во рамките на обемот на правата утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на него, осигуреникот и членовите на неговото семејство ги остваруваат врз основа на здравствена легитимација и доказ дека придонесот за здравствено осигурување е платен“.

По став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Здравствената легитимација и доказот од став 1 на овој член ги издава Фондот за здравствено осигурување“.

Став 2 станува став 3.

Член 12

Во член 41 став 1 се заменува со три нови става кои гласат:

„Осигуреникот има право и должност, заради користење на здравствена заштита, да избере лекар во примарната здравствена заштита (општа медицина, медицина на трудот, педијатрија, училишна медицина, гинекологија и општа стоматологија) во здравствените организации на подрачјето на општината, односно градот Скопје, според местото на живеење, односно работа, за време од една година од денот на изборот.

Избраниот лекар се запишува во здравствената легитимација и во здравствениот картон на осигуреникот.

Секој избран лекар е должен, во случај на негова отсутност или привремена спреченост за работа, на своите пациенти да им обезбеди замена со склучување договор со друг здравствен работник од иста струка и специјалност кој врши приватна пракса или со јавна здравствена организација од примарната здравствена заштита, кој за тоа време, место него ќе укажува здравствена заштита на осигурениците кои го избрале“.

Став 2 станува став 4.

Член 13

Во член 42 по зборот „користи“ се додаваат зборовите: „специјалистичко-консултативна и“.

Член 14

Во член 59 точка 3) зборовите: „и учеството на осигурениците во цената на одделни здравствени услуги и лековите“ се бришат.

Точка 9) се менува и гласи:

„утврдува стандарди и нормативи за потребниот број на здравствени работници според бројот на населението и други критериуми“.

Член 15

Во член 64 точка 6) по бројот „12“ се додаваат зборовите: „став 1“, а по бројот „20“ се додаваат зборовите: „и став 2“.

Член 16

Во член 65 ставовите 1, 2 и 3 се заменуваат со четири нови става кои гласат:

„Како основица за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување од платата се зема бруто платата во која се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од платата.

На граѓаните на кои не им се утврдува остварена плата како основица за пресметување на придонесот за здравствено осигурување се зема основицата од која се пресметува и плаќа данок од плата, зголемена со придонесите од плата и даноците (бруто основица).

Основица за пресметување на придонесот од ставовите 1 и 2 на овој член, се утврдува најмалку во висина на најниската плата по работник утврдена со колективен договор помножена со просечниот коефициент на сложеност на трудот во организацијата и со бројот на работниците вработени во организацијата.

На работниците кои покрај платата примаат и паричен надоместок за скратено работно време, односно за помала плата според прописите за пензиското и инвалидското осигурување, во основицата за пресметување на придонесот за здравствено осигурување се зема и надоместокот остварен според тие прописи“.

Став 4 станува став 5.

Член 17

Во член 72 ставот 1 се менува и гласи:

„Придонесот за здравствено осигурување од член 64 на овој закон го пресметуваат и уплатуваат организациите, односно работодавачите за работниците вработени кај нив при секоја исплата на плата односно организациите и органите за корисниците на пензии и други парични примања при секоја исплата на пензијата, односно паричното примање“.

Ставот 2 се брише.

Член 18

Во член 73 по зборот „застареноста“ запирката се заменува со сврзникот „и“, а зборовите: „и присилната наплата“ се бришат.

Член 19

По член 74 се додаваат два нови члена 74-а и 74-б кои гласат:

„Член 74-а

Фондот за здравствено осигрурување е должен да го следи пресметувањето и редовната наплата на придонесот за здравствено осигурување од сите обврзници за плаќање на придонесот.

За осигурениците за кои Фондот ќе утврди дека редовно не е уплатен придонесот или уплатата задоцнила повеќе од 60 дена, правата од здравственото осигурување на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување им се ускратуваат, освен правото на итна медицинска помош, а ускратените права повторно им се воспоставуваат со денот на намирувањето на сите пристигнати, а не уплатени обврски.

Член 74-б

Ако обврзникот за плаќање на придонесот не го уплатил пристигнатиот придонес или не го уплатил во целост, Фондот за здравствено осигурување ќе покрене постапка за наплата на основниот долг заедно со законската камата според прописите за парничната, односно извршната постапка.“

Член 20

По член 76-в се додава нов член 76-г кој гласи:

„Член 76-г

Учеството на осигурениците со лични средства во цената на здравствените услуги и на лековите од член 76 се плаќа во здравствената организација, а Фондот за здравствено осигурување врши контрола на уплатените средства“.

Член 21

Во член 95 се додава нова точка која гласи:

„1) ординација;“.

Точките од 1 до 11 стануваат точки од 2 до 12.

Член 22

По член 95 се додава нов поднаслов и нов член 95-а, кои гласат:

„1) Ординација

Член 95-а

Ординација може да спроведува здравствена заштита ако се исполнети условите за вршење на дејноста општа медицина, општа стоматологија, односно специјалистичко-консултативна дејност.“

Член 23

Во член 121 став 1 точка 5) по зборот „лекарската“ се додава зборот „стоматолошката“.

Член 24

Во член 124 се додава нов став 1 кој гласи:

„Фондот за здравствено осигурување склучува договор со здравствен работник кој врши здравствена дејност со личен труд во согласност со нормативите и стандардите за потребниот број здравствени работници во однос на бројот на населението на одредено подрачје, утврдени согласно со член 59 точка 9 на овој закон.“

Во ставот 1 кој станува став 2 по зборот „организации“ се додаваат зборовите: „ако е склучен договор според став 1 на овој член“.

Член 25

Во член 131 зборот „здравствената“ се заменува со зборовите: „јавната здравствена“.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Односите меѓу Фондот за здравствено осигурување и другите здравствени организации се уредуваат со договор склучен во согласност со одредбите на член 124 од овој закон“.

Член 26

Во член 140 сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборот „испит“ се додаваат зборовите: „а здравствените работници со високо образование и по добивањето на лиценца за работа“.

Член 27

Во член 155 став 1 по зборот „лекарска“ се додава зборот „стоматолошка“, а во ставовите 2, 3 и 4 по зборот „лекарската“ се додава зборот „стоматолошката“.

Член 28

Во член 182 став 1 зборовите: „50 до 100“ се заменуваат со зборовите: „четири до петнаесет“.

Во став 2 зборовите: „десет до петнаесет“ се заменуваат со зборовите: „една петтина до три“.

Во став 3 зборовите: „една до две ипол плати“ се заменуваат со зборовите: „една десеттина до една половина од плата“.

Член 29

Во член 183 став 1 зборовите: „50 до 100“ се заменуваат со зборовите: „четири до петнаесет“.

Во став 1 точка 4 по зборот „испит“ се додаваат зборовите: „и лиценца за работа“, а во заградата по зборот „член“ се додаваат зборовите: „138 и“.

Во став 2 зборовите: „десет до петнаесет“ се заменуваат со зборовите: „една петтина до три“.

Во став 3 зборовите: „една до две ипол плати“ се заменуваат со зборовите: „една десеттина до една половина од плата“.

Член 30

Во член 184 став 1 зборовите: „50 до 100“ се заменуваат со зборовите: „четири до петнаесет“.

Во став 2 зборовите: „десет до петнаесет“ се заменуваат со зборовите: „една до три“.

Член 31

Во член 185 став 1 зборовите: „20 до 50“ се заменуваат со зборовите: „четири до десет“.

Во став 2 зборовите: „пет до десет“ се заменуваат со зборовите: „една петтина до три“.

Член 32

Во член 186 зборовите: „пет до десет“ се заменуваат со зборовите: „една до три“.

Член 33

Во член 187 зборовите: „десет до петнаесет“ се заменуваат со зборовите: „ една до три“.

Член 34

Во член 189 став 1 зборовите: „20 до 50“ се заменуваат со зборовите: „четири до десет“, а по зборовите: „(член 35)“ се додава запирка и зборовите: „ако изврши исплата на плата, пензија или друго парично примање, а не уплати придонес за здравствено осигурување или придонесот за здравствено осигурување го уплати во помал износ (членовите 64 и 72) или го оневозможи Фондот да врши увид на пресметувањето и наплатата на придонесот (член 74)“.

Во став 3 зборовите: „десет до петнаесет“ се заменуваат со зборовите: „една до три“, а по зборот „осигурување“ се додаваат зборовите: „или не го уплати придонесот за здравствено осигурување или придонесот за здравствено осигурување го уплати во помал износ“, а по бројот „35“, се додаваат зборовите: „и членовите 64 и 72“ или го оневозможи Фондот да врши увид на пресметувањето и наплатата на придонесот (член 74)“.

Член 35

По член 203 се додаваат четири нови члена 203-а, 203-б, 203-в и 203-г кои гласат:

„Член 203-а

До утврдувањето на најниската плата според колективен договор, како најниска плата во смисла на овој закон, ќе се зема износот од 65% од просечната месечна нето плата по работник во соодветната гранка остварена во претходниот месец.

Член 203-б

Осигуреникот кој до денот на влегувањето во сила на овој закон започнал да користи право на паричен

надоместок ќе продолжи да го користи тоа право според прописите што важеле до тој ден.

Член 203-в

Во целиот текст на Законот зборовите: „личен доход", „личниот доход", „личните доходи", се заменуваат со зборовите: „плата", „платата", „платите".

Член 203-г

Се овластува Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за здравствена заштита".

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**1346.**

Врз основа на член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊА ЗА РАБОТА СО ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат:

- податоците на Информациониот систем на Владата на Република Македонија;
- операциите кои можат да се вршат врз податоците;
- субјектите кои можат да добијат овластување за работа со податоците;
- постапката за добивање на овластување за работа со податоците; и
- надлежностите на субјектите вклучени во работењето со податоците.

### II. ПОДАТОЦИ ОД ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 2

Податоците од Информациониот систем на Владата на Република Македонија со кои можат да работат и други субјекти се:

- ИНДОК база (заклучоци од отворени седници на Владата);
- покани со предлог - дневни редови за отворени седници на Владата;
- записници и извадоци од записници од одржани отворени седници на Владата;
- покани со предлог - дневни редови за отворени седници на работните тела;
- записници од одржаните отворени седници на работните тела; и
- Програма за работа на Владата.

### III. ОПЕРАЦИИТЕ КОИ МОЖАТ ДА СЕ ВРШАТ ВРЗ ПОДАТОЦИТЕ ОД ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 3

Врз податоците од член 2 од оваа одлука можат да се вршат следните операции:

- читање на податоците;
- преземање на податоците во печатена или машински читлива форма;
- внесување на податоци;
- менување на податоци.

Член 4

За извршување на нивните надлежности и функции, на одредени субјекти им се доделува овластување за извршување на операциите наведени во член 3 од оваа одлука. Операциите од член 3 од оваа одлука се наведени според растечки редослед на овластувањето за нивно извршување. Најнизок степен на овластување има операцијата опишана во член 3 од оваа одлука, став 1, алинеја 1, а највисок степен на овластување има операцијата опишана во член 3 од оваа одлука, став 1, алинеја 4. Со доделувањето на овластување за вршење на одредена операција, се добива овластување и за вршење на операциите од понизок степен.

Член 5

Операциите од член 3 од оваа одлука, во зависност од степенот на овластувањето, можат да се извршуваат:

- локално (од работни станици во просториите на Владата на Република Македонија); и
- дистрибуирано (надворешен пристап во мрежата на Владата на Република Македонија од работни станици на други локации).

### IV. СУБЈЕКТИ КОИ МОЖАТ ДА ДОБИЈАТ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА РАБОТА СО ПОДАТОЦИТЕ ОД ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 6

Овластување за работа со податоците од член 2 од оваа одлука, можат да добијат:

- Стручната служба на Владата на Република Македонија;
- Собранието на Република Македонија;
- министерствата;
- секретаријатите на Владата на Република Македонија и други управни органи и организации во Република Македонија;
- Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Член 7

На субјектите наведени во член 6 од оваа одлука им се доделуваат степени на овластувања според Табела 1, која е составен дел на оваа одлука.

Член 8

Овластување за работа со податоците од член 2 од оваа одлука можат да добијат и организации и институции од републичко значење кои не се наведени во член 6 од оваа одлука, доколку секретарот на Владата оцени дека за тоа има посебни причини.

Секретарот на Владата го определува и степенот на овластувањето.

Член 9

Непосредните извршители - стручните работници во органот - организацијата, кои ќе ги извршуваат операциите за кои е добиено овластување, ги определува раководното лице во органот - организацијата.

### V. ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА РАБОТА СО ПОДАТОЦИТЕ ОД ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 10

За добивање на овластување за работа со податоците од член 2 од оваа одлука, субјектите од член 6 и

член 8 од оваа одлука поднесуваат барање во кое се наведува:

- називот на барателот;
- бројот на организационата единица (според Планот за распоредување на предметите во деловната книга – Посебен дел) за чии потреби ќе се користат податоците;
- името и презимето и работното место на непосредниот извршител;
- целите за кои ќе се користат податоците од член 2 од оваа одлука; и
- техничките услови (компјутерска опрема) со кои располага барателот за работа со податоците од член 2 од оваа одлука.

Член 11

Барањето за добивање на овластување за работа со податоците од член 2 од оваа одлука, субјектите од член 6 од оваа одлука го поднесуваат до Владата на Република Македонија.

Барањето за добивање на овластување за работа со податоците од член 2 од оваа одлука, субјектите од член 8 од оваа одлука го поднесуваат до Владата на Република Македонија, која позитивно решените барања ги упатува до Министерството за наука.

Член 12

По добивањето на барањето, Министерството за наука ги врши потребните стручно-технички подготовки за реализација на работењето со податоците, за чии детали се договара со подносителот на барањето.

## VI. НАДЛЕЖНОСТИ НА СУБЈЕКТИТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО РАБОТЕЊЕТО СО ПОДАТОЦИТЕ ОД ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 13

Реализацијата на стручните и техничките предуслови за работа со податоците од член 2 од оваа одлука и одржувањето на функционалноста на системот ги врши Министерството за наука.

Член 14

За точноста на податоците од член 2 од оваа одлука и нивното навремено обезбедување во информациониот систем се грижи овластен работник од секретарот на Владата на Република Македонија.

Член 15

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2376/1
25 септември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Табела 1

Степени на овластувања на субјектите за работа со податоци од Информациониот систем на Владата на Република Македонија

| | К1 | К2 | К3 | К4 | К5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Ь1 | М | П | П | П | П |
| Ь2 | М | П | П | П | П |
| Ь3 | М | П | П | П | П |
| Ь4 | М | П | П | П | П |
| Ь5 | М | П | П | П | П |
| Ь5 | М | П | П | П | П |

Ознаките што се користат во Табелата се изведуваат според следните шифрарници

| Ознака | Корисник |
|---|---|
| К1 | Стручната слуба на Владата на Република Македонија |
| К2 | Собрание на Република Македонија |
| К3 | министерства |
| К4 | секретаријати на Владата на Република Македонија и други управни органи и организации во Република Македонија |
| К5 | Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија |

| Ознака | База на податоци |
|---|---|
| Б1 | ИНДОК база (заклучоци од отворени седници на Владата) |
| Б2 | Покани со предлог-дневни редови за отворени седници на Владата |
| Б3 | Записници и изводоци од записници од одржани отворени седници на Владата |
| Б4 | Покани со предлог-дневни редови за отворени седници на работните тела |
| Б5 | Записници од одржаните отворени седници на работните тела |
| Б6 | Програма за работа на Владата |

| Ознака | Операција |
|---|---|
| Ч | Читање на податоци |
| П | Преземање на податоци во печатена или машински читлива форма |
| В | Внесување на податоци |
| М | Менување на податоци |

**1347.**

Врз основа на член 19 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 1995 година („Службен весник на РМ", број 69/94), а во врска со точка 1, позиција „останати средства" од Одлуката за распределба на средствата за изградба на водоводи во Република Македонија во 1995 година („Службен весник на РМ", број 16/95), и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ", број 38/90), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА НАМЕНЕТИ ЗА ИНТЕРВЕНИРАЊЕ ВО ОДРЕДЕНИ СЛУЧАИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО ПОЕДИНИ ОПШТИНИ

1. Средствата во износ од 17.900.000,00 денари од позицијата „останати средства", алинеја 3, утврдени со точка 1 во Одлуката за распределба на средства за изградба на водоводи во Република Македонија во 1995 година („Службен весник на РМ", број 16/95) се распределуваат за:

– Општина Битола . . . . . . . . . . . 2.100.000,00 денари
– за изградба на регионалниот водовод за водоснабдување на населените места Оптичари, Жабјани, Егри, Меџитлија, Кременица, Гнеотино и граничен премин Меџитлија . . . . . . . . . . . . . . . . 2.000.000,00 денари
– за зафаќање нов извор за водоснабдување на с. Брусник . . . . . . . . . . . . . . 100.000,00 денари

Општина Гевгелија . . . . . . . . . . . . 100.000,00 денари
– за купување пумпа за водоснабдување на Дојранска Ривиера – Стар Дојран . . . . . . . . . . . . . . . 100.000,00 денари

Општина Гостивар 1.300,000,00 денари
– за изградба на водоснабдителни објекти за водоснабдување на Мавровскиот регион . . . . . . . . . 1.000.000,00 денари

– за изградба на водовод за водоснабдување на
с. Пожаране. . . . . . . . . . . . . . . . 300.000,00 денари

Општина Делчево . . . . . . . . . . . . 1.000.000,00 денари
– за изградба на II фаза од системот за водоснабдување на Делчево и селските
населби до 2010 година. . . . . . . . 1.000.000,00 денари

Општина Кичево . . . . . . . . . . . . . 900.000,00 денари
за изградба на водоводи во населените места
– с. Иванчишта . . . . . . . . . . . . . . 400.000,00 денари
– с. Брждани. . . . . . . . . . . . . . . . 300.000,00 денари
– с. Видрани . . . . . . . . . . . . . . . . 200.000,00 денари

Општина Кратово . . . . . . . . . . . . 700.000,00 денари
– за изградба на водовод за водоснабдување на населените места Туралево, Тополовиќ, Филиповци,
Сакулица и Вакав . . . . . . . . . . . . 700.000,00 денари

Општина Крушево. . . . . . . . . . . . . 600.000,00 денари
– за хидро-геолошки испитувања за вода за пиење на подрачјето на с. Бучин и изградба на
експлоатационен бунар . . . . . . . 600.000,00 денари

Општина Куманово . . . . . . . . . . . . 300.000,00 денари
– за изградба на главен вод за водоснабдување на нас.
„Иго Тричковиќ" . . . . . . . . . . . . 300.000,00 денари

Општина Пробиштип . . . . . . . . . . . 800.000,00 денари
– за изградба на водоснабдителен систем за водоснабдување на
с. Лесново и с. Злетово . . . . . . . . 800.000,00 денари

Општина Свети Николе . . . . . . . . . 900.000,00 денари
– за искористување и препумпување на вода од ХМС „Брегалница" за водоснабдување на
градот Свети Николе. . . . . . . . . . 900.000,00 денари

Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . 1.800.000,00 денари
– за изградба на регионален водовод за водоснабдување на 6 населени
места со 20.000 жители . . . . . . . . 900.000,00 денари
– за изградба на водовод за водоснабдување на селата
Црешево и Смилковци. . . . . . . . . 900.000,00 денари

Собрание на град Скопје . . . . . . . . 3.600.000,00 денари
– за изградба на пумпна станица и резервоар за водоснабдување на: Шуто Оризари, Бутел I, Радишани, с. Бутел, с.Радишани Визбегово, Кучевишка Бара,
Љуботенски пат . . . . . . . . . . . . 3.600.000,00 денари

Општина Струга . . . . . . . . . . . . . 1 600.000,00 денари
– за надградба на главниот довод за водоснабдување на градот и населените места со зафаќање на изворот Вишни
и Беличките извори. . . . . . . . . . 1.600.000,00 денари

Општина Струмица . . . . . . . . . . . 1.500.000,00 денари
за изградба на водоводи за населените места
– с. Свидовица . . . . . . . . . . . . . . 100.000,00 денари
– с. Водоча. . . . . . . . . . . . . . . . . 400.000,00 денари
– с. Сушево . . . . . . . . . . . . . . . . 500.000,00 денари
– с. Владевци . . . . . . . . . . . . . . . 500.000,00 денари

Општина Титов Велес . . . . . . . . . . 100.000,00 денари
– за изградба на водовод за водоснабдување на
с. Чашка . . . . . . . . . . . . . . . . . 100.000,00 денари
интервентни средства . . . . . . . . . 600.000,00 денари

– средствата се наменети за интервенирање во одредени случаи за водоснабдување во поедини општини
– средствата ќе ги распределува министерот на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се користат на начин и според условите утврдени во Одлуката за распределба на средствата за изградба на водоводи во Република Македонија во 1995 година („Службен весник на РМ", број 16/95).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2684/1
6 ноември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1348.**

Врз основа на член 27, став 11 и 12 од Законот за царините („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/93) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90), Владата донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА КОИ МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗАТ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдуваат средствата кои не се произведуваат во Република Македонија, а можат да се увезат без плаќање царина за потребите на Министерството за внатрешни работи и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Назив | Количина |
|---|---|---|---|
| 35.06 | | Подготвени лепила и други подготвени средства за лепење, на друго место неспомнати или опфатени; производи погодни за употреба како лепила или средства за лепење, подготвени за продажба на мало како лепила и средства за лепење во пакување со нето маса до 1 кгр. | 5000 парч. |
| 37.03 | | Фотографска хартија, картон и текстил; осетливи на светлост, неосетливи: | 1000 парч. |
| 37.07 | | Хемиски препарати за фотографски намени (освен лакови, лепила, средства за лепење и слични препарати); неизмешани производи за фотографска употреба, под- | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | | готвени во одмерени дози или подготвени за продажба на мало во форма готова за употреба: | 300 парч. |
| 38.23 | | Подготвени врзивни средства за леарски калапи или леарски јадра, хемиски производи и препарати за хемиската индустрија и на сродни индустрии вклучувајќи ги и оние што се состојат од мешаници на природни производи, на друго место неспомнати или опфатени остаточни производи на хемиската индустрија или на сторни индустрии, на друго место неспомнати или неопфатени | 10 парч. |
| 84.73 | | Делови и прибор (освен покривачи, куфери за машини и сл.) погодни за употреба исклучително или главно со машините од тар. бр. 84.69 до 84.72: (модули, мрежи, картици) | 100 парч. |
| 85.23 | | Подготвени неснимени подлоги за звучни снимања на други феномени, освен производите од глава 37, (дискети и друго) | 5000 парч. |
| 85.24 | | Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни и други слични феномени исклучувајќи матрици и галвански отпечатоци за производите од глава 37: (софтвер и друго) | 20 парч. |
| 90.02 | | Леќи, призми, огледала и др. оптички елементи, од кој и да е материјал, монтирани, што се делови или прибор на инструменти или на апарати, освен такви оптички необработени елементи од стакло: (објективи, филтри и друго) | 100 парч. |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија."

Бр. 23-2693/1
6 ноември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с. р.

**1349.**

Врз основа на член 27, став 11 и 12 од Законот за царините („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/93), и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90), Владата донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА КОИ МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗАТ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија, се увезува без плаќање царина за потребите на Секретаријатот за информации и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | НАИМЕНУВАЊЕ | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 84.71 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за препишување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: | |
| | 8471.20 | - Дигитални машини за автоматска обработка на податоци, што во исто куќиште имаат најмалку една централна единица, како и една влезна единица и една излезна единица или една комбинирана влезно-излезна | |
| | 8471.209 | - - - друго<br>а) дигитални машини за автоматска обработка на податоци - други (преносни) | 4 парчиња |
| | 8471.9 | - Друго: | |
| | 8471.921 | - - - линиски и сериски печатари | 4 парчиња |
| | 8471.923 | - - - ласерски печатачи, единица за цртање (плотери), за снимање на филм или за фотокопирање | 1 парче |
| | 8471.925 | - - - видео дисплеи, повеќебојни и врз база на течни кристали | 9 парчиња |
| | 8471.926 | - - - комплетни електронски тастатури | 9 парчиња |
| | 8471.927 | - - - читачи на документи, ознаки и уреди за внесување на податоци од цртежи | 1 парче |
| | 8471.929 | - - - други (маус, глувче) | 9 парчиња |
| | 8471.93 | - - мемориски единици, испорачани посебно или како дел на систем: | |
| | 8471.931 | - - - екстерни мемории | 25 парчиња |
| | 8471.99 | - - друго | |
| | 8471.992 | - - - контролни уреди и адаптери | 7 парчиња |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 84.73 | | Делови и прибор (освен покривачи, куфери за машини и сл.) погодни за употреба исклучително или главно со машините од тар. бр. 84.61 до 84.72 | |
| | 8473.30 | – Делови и прибор на машини од тар. бр. 84.71: | |
| | 8473.301 | – – – модули за напојување | 9 парчиња |
| | 8473.302 | – – – печатени плочи со вградени елементи | 68 парчиња |
| 85.42 | | Електронски интегрални кола и микросклопови: | |
| | 8542.1 | – Монолитни интегрални кола | |
| | 8542.11 | – – дигитални | 9 парчиња |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-3725/1
6 ноември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

**1350.**

**Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр. 20/93), и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија, („Службен весник на РМ“ бр. 38/90), Владата донесе**

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија, а се увезува без плаќање царина за потребите на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 84.71 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за препишување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: | |
| | 8471.20 | – Дигитални машини за автоматска обработка на податоци, што во исто куќиште имаат најмалку една централна единица, како и една влезна единица и една излезна единица или една комбинирана влезно-излезна единица: | |
| | 8471.209 | – – – друго<br>а) дигитални машини за автоматска обработка на податоци – други (преносни) | 2 |
| | 8471.9 | – Друго: | |
| | 8471.91 | – – дигитални централни единици, испорачени посебно или како дел од систем, вклучувајќи и дигитални централни единици кои во исто куќиште имаат една или две од следните видови единици: | |
| | 8471.912 | – – – со процесор со 32 и повеќе бита<br>а) дигитални централни единици >=32 бита | 5 |
| | 8471.92 | – – влезни и излезни единици, испорачани посебно или како дел од систем, вклучувајќи влезни и излезни единици што во исто куќиште имаат и мемориски единици: | |
| | 8471.923 | – – – ласерски печатачи, единици за цртање (плотери), за снимање на филм или за фотокопирање<br>а) ласерски печатар | |
| | 8471.925 | – – видео-дисплеи, повеќебојни и врз база на течни кристали<br>а) (монитор во боја) | 5 |
| | 8471.926 | – – комплетни електронски тастатури<br>а) (тастатури со подвижни пишки) | 5 |
| | 8471.927 | – – – читачи на документи, ознаки и уреди за внесување на податоци од цртежи<br>(оптички читач на документи – скенер) | 1 |
| | 8471.93 | – – – мемориски единици, испорачени посебно или како дел на систем: | |
| | 8471.939 | – – – други<br>(екстерни мемориски единици) | 6 |
| 84.73 | | Делови и прибор (освен покривање, куфери за машини и сл.) погодни за употреба исклучително или главно со машините од тар. бр. 84.69 до 84.72: | |
| | 8473.30 | – Делови и прибор на машини од тар. бр. 84.71: | |
| | 8473.302 | – – – печатени плочи со вградени елементи (печатени плочи со вградени елементи) | 15 |

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-2717/1
6 ноември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

**1351.**

Врз основа на член 10 став 3 од Законот за трговијата („Службен весник на РМ", бр. 23/95, 30/95 и 43/95), министерот за стопанство донесува

## ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРОДАЖНИТЕ ОБЈЕКТИ ВО КОИ СЕ ВРШИ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И МАЛО И ТРГОВСКИ УСЛУГИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат минимално-техничките услови што претпријатијата и другите правни и физички лица регистрирани за вршење на трговија (во натамошниот текст: трговец) треба да ги обезбедат во продажните објекти во кои се врши трговија на големо и мало и вршење на трговски услуги, до колку за одделни производи и услуги со посебни прописи поинаку не е определено.

Член 2

Минимално-техничките услови пропишани со овој правилник се однесуваат за:

1. продажен објект во кој се врши трговија на мало на производи за различни форми на продажба преку послужување, самопослужување, стоковна куќа, киоск, подвижна продавница (во натамошниот текст: продавница);

2. продажен објект во кој се прима, чува, сортира и подготвува производот за испорака и продажба (магацин);

3. продажен објект во кој се врши трговија на производи на големо, или на големо и мало (стовариште);

4. објект во кој се врши откуп на земјоделски производи и шумски плодови или добиток (откупна станица); и

5. објекти во кои се вршат трговски услуги.

### I. ПРОДАВНИЦА

Член 3

Продавницата треба да има најмалку 6 $m^2$ површина и 2,20 м височина.

Продавницата во која се врши продажба на производи на мало - киоск не мора да ги исполнува условите од став 1 на овој член.

Член 4

Просторот пред продавницата и влезот во продавницата треба да биде слободен и осветлен.

Продавницата треба да има соодветно осветление.

Продавницата треба да има посебен влез од улица или од јавен приод.

Продавницата што се наоѓа под или над нивото на улицата треба да има обезбеден пристап за потрошувачите и за непречена манипулација со производите.

Член 5

За изложување на производите може да се користат излози во продавницата или на друго за таа цел погодно место (кино, театар, железничка станица и слично).

Член 6

Продавницата треба да биде опремена со рафтови, продажни маси, гондоли, регали, алат и направи за мерење и слична опрема.

Опремата од став 1 на овој член треба да биде прилагодена во зависност од видот на производите и начинот на нивната продажба изработена од материјали кои лесно се чистат и одржуваат.

Член 7

Продавницата треба да има регистар-каса или компјутер-каса.

Регистар каса или компјутер каса како и направи за мерење треба да бидат поставени на места што ќе овозможат увид на потрошувачите.

Член 8

Во продавницата во која се врши продажба на облека, кабините за пробање треба да бидат осветлени, да имаат огледало и закачалка.

Во продавницата во која се продаваат обувки треба да има седишта и огледало.

Член 9

Продавницата во која се врши продажба на лесно расипливи прехранбени производи треба да има разладни уреди.

Член 10

Во продавницата која има повеќе катови треба да биде обезбедено непречено движење на потрошувачите, вработените и манипулирање со производите, преку нивното меѓусебно соодветно поврзување.

Член 11

Продавницата со површина над 2.000 $m^2$ треба да има агрегат за производство на електрична енергија.

Член 12

До колку во продавницата се врши и угостителска дејност или друга дејност, тој простор треба да биде функционално одделен од продавницата и да ги исполнува пропишаните услови за вршење на таа дејност.

Член 13

Продавницата во која продажбата се врши на принцип на самопослужување, покрај условите предвидени со членовите од 4 до 12 на овој правилник, треба да ги исполнува и следните услови:

1. големината на продажниот простор не може да биде помала од 30 $m^2$ и височина 2,20 м.;

2. да има соодветен број на кошници или колички;

3. да има слободен простор помеѓу гондолите за непречено движење и самопослужување на потрошувачите;и

4. во продавницата при влезот да има простор за оставање на чување на производите што ги внесува потрошувачот.

Член 14

Стоковната куќа во која се врши продажба на широк избор на производи на принцип на послужување или самопослужување, покрај условите предвидени со членовите од 4 до 12 и член 13 став 1 точка 2, 3 и 4 на овој правилник, треба да ги исполнува и следните услови:

1. Големината на продажниот простор не може да биде помала од 500 $m^2$, а височината од 2,40 м.

2. да има посебна просторија за прием и складирање на производите;

3. теретен лифт за пренос на производите, доколку продажниот простор е на катови;

4. подвижни скали до колку има повеќе од 2 (два) ката;

5. најмалку 1 женско и 1 машко ВЦ за потрошувачите видно обележени; и

6. систем за информирање на потрошувачите (шалтер или разглас).

Член 15

Киоскот треба да има шалтер за продажба на производите.

За киоск се применуваат условите предвидени со членовите 5, 6 и 9 на овој правилник.

Член 16

Подвижната продавница (адаптирано возило на автомобилска или слична шасија, која може на сопствен погон или со влеча да се движи од место во место), треба да има најмалку 3 $м^2$ површина продажен простор и 1,5 м височина.

Покрај условите од став 1 на овој член, подвижната продавница треба да ги исполнува и условите од член 6 и 9.

Трговецот врши продажба на производи со подвижна продавница на претходно определени места за таа намена.

Член 17

Ако на бензинските станици за продажба на течни горива се врши трговија на мало и на други производи, во зависност од видот на тие производи, продажните објекти треба да ги исполнуваат условите предвидени со членовите од 3 до 15 на овој правилник.

## II. МАГАЦИН

Член 18

Магацинот во кој се прима, чува, сортира и подготвува производот за испорака и продажба треба да ги исполнува следните услови:

1. да има непречен пристап за истовар и утовар на производите и посебен влез;
2. потребна опрема, прибор и алат за сместување и манипулирање со производите;
3. разладни уреди до колку во магацинот се чуваат лесно испарливи прехранбени производи;
4. простории за работници, гардероба, ормани и санитарии; и
5. природна или вештачка вентилација и дневна или вештачка светлост.

## III. СТОВАРИШТЕ

Член 19

Стовариштето треба да ги исполнува следните услови:

1. да се наоѓа на суво, исцедно или дренирано земјиште;
2. стовариштето може да биде покриено и отворено во зависност од видот на производите што се продаваат;
3. стовариштето треба да биде оградено;
4. приодот до стовариштето треба да биде поплочан или од тврдо набиен материјал за непречен приод на товарни и патнички возила и влезот во стовариштето да биде слободен и осветлен;
5. да биде осветлено со природно осветлување и со уреди за вештачко осветлување;
6. може да има агрегат за производство на електрична енергија ако има ладилник и комори за зреење на одредени производи;
7. во зависност од видот на производите треба да има потребна опрема, прибор и алат за сместување, мерење и манипулирање со производите;
8. треба да има разладни уреди за чување на производите, до колку се врши продажба на лесно расипливи производи;
9. да има одвоена просторија за вршење на административни работи во врска со продажбата на производите во стовариштето; и
10. да има телефон приклучен на јавната телефонска мрежа.

## IV ОТКУПНА СТАНИЦА

Член 20

Откупната станица во која се врши откуп на земјоделски производи и шумски плодови или добиток може да биде на отворен, ограден или покриен простор.

Откупната станица треба да биде на суво и исцедно земјиште и да биде опремена со инструменти за утврдување на квалитетот на земјоделските производи и шумските плодови и друга опрема за мерење и манипулирање со производите, односно добитокот.

Откупната станица треба да има ВЦ и мијалник, до колку не е од времен карактер.

## V ОБЈЕКТИ ВО КОИ СЕ ВРШАТ ТРГОВСКИ УСЛУГИ

Член 21

За вршење на агенциски услуги, посреднички услуги, застапнички услуги, берзански услуги, комисиони услуги, услуги на складирање, услуги на експедирање и доставување на производи, услуги на контрола на квалитетот и квантитетот на производи, услуги на осигурување на производи и услуги на економска пропаганда, трговецот треба да има просторија за извршување на административни и други деловни работи.

За услугите за кои е потребно складирање, чување и подготовка за испорака на производите, просториите треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 18 од овој правилник.

Член 22

Објектите во кои се приредуваат саеми и стопански изложби можат да бидат на отворен и затворен простор.

Отворениот простор треба да биде ограден.

Објектите од став 1 на овој член треба да имаат:

- опрема за изложување на производите, како и друга опрема за манипулирање со производите во зависност од видот на производите; и
- простории за вршење на административни работи, состаноци и слично.

Просторот пред саемот и влезот на саемот треба да биде осветлен и да е приспособен за непречено и слободно движење на посетителите.

Член 23

Пазарот на кој се даваат услуги за вршење трговија на големо исклучиво за продажба на земјоделски производи (во натамошниот текст: пазар на големо), треба да има површина најмалку 10.000$м^2$

Просторот пред влезот и влезот на пазарот на големо треба да биде осветлен и приспособен за непречено и слободно движење на продавачите и купувачите.

Пазарот на големо треба да биде ограден.

Пазарот на големо треба да има:

- простор или простории за изложување, складирање и продавање на земјоделските производи;
- потребна опрема за мерење, колска вага, како и други соодветни средства за манипулирање со производите;
- посебна просторија за вршење на административно-стручни работи на комитентите;
- да биде приклучен на јавната водоводна, канализациона и електрична мрежа и да има соодветно осветление;
- посебен влез и излез и уреден паркинг и патеки за транспортни средства;
- помошни простории наменети за потребите на вработените и комитентите (гардероба и санитарии);
- посебен простор за собирање на отпадоци;
- истакнат пазарен ред; и
- простории со разладни уреди до колку се складираат и чуваат лесно расипливи производи.

Член 24

Пазарот на кој се даваат услуги за вршење трговија на мало за продажба на земјоделски производи, млеко и млечни производи, риба и живина, лековити расте-

нија, цвеќе, галантерија и бижутерија, мед и грнчарски производи (во натамошниот текст: пазар на мало), може да биде затворен, отворен и покриен.

Покриениот и отворениот пазар на мало треба да биде ограден.

Просторот пред влезот и влезот на пазарот на мало треба да има соодветно осветление и приспособен за непречено движење на продавачите и купувачите.

Пазарот на мало треба да биде опремен со доволен број на продажни маси.

На пазарот на мало просторот помеѓу редовите на продажните маси во кој се движат купувачите треба да биде широк најмалку 1,5 м.

Пазарот на мало треба да има.

- простор за чување на производи, а за чување на лесно расипливи производи во зависност од потребите и разладни уреди;

- соодветен простор за чување ваги и друг прибор што се издаваат на продавачите на производите;

- посебен простор и опрема за собирање на отпадоци;

- помошни простории наменети за потребите на вработените и за потребите на корисниците на услугите (гардероба и санитарии);

- да биде приклучен на јавната водоводна, канализациона и електрична мрежа и да има соодветно осветление, освен во населени места каде за тоа нема објективни услови;

- во пазарниот ред треба да се наведат производите кои можат да се продаваат на пазарот

Продажниот простор во кој се врши продажба на млеко, млечни производи и риба, треба да биде затворен, со доволен број на продажни маси за продажба на тие производи

Поради лесната расипливост на производите од претходниот став, покрај природната вентилација, треба да се обезбеди и вештачка вентилација (вентилатори и слично) и да има најмалку еден приклучок за вода за одржување на хигиената на продавачите.

Член 25

Пазарот на кој се даваат услуги за вршење трговија на мало на стари моторни возила и стари автоделови (во натамошниот текст: авто - пазар) треба да има продажен простор од најмлаку 5.000 $м^2$ и да биде ограден.

Просторот пред влезот и влезот на авто - пазарот треба да има соодветно осветление и приспособен за непречено и слободно движење на продавачите и купувачите.

Во авто - пазарот просторот за продажба треба да биде означен посебно за лесни, посебно за тешки моторни возила и да има одвоен простор за продажба на стари автоделови уреден со соодветен број на продажни маси.

Авто - пазарот треба да има посебна просторија за вршење на административно - стручни работи за вршење на услуги на комитентите.

Авто - пазарот треба да има санитарен јазол.

Член 26

Пазарот на кој се даваат услуги за продажба на мало на добиток ( во натамошниот текст: пазар на добиток) треба да биде надвор од населено место и да биде ограден.

Просторот пред влезот и влезот на пазарот на добиток треба да има соодветно осветление и да биде приспособен за непречено и слободно движење на добитокот, транспортните средства, продавачите и купувачите.

Просторот на пазарот на добиток треба да биде одвоен посебно за ситен, посебно за крупен добиток, а за крупниот добиток да има место за врзување на добитокот.

Пазарот на добиток треба да располага со опрема за мерење на добитокот, вода за поење на добитокот и одвоен простор за прибирање на сметот

Член 27

Со денот на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за минимално - техничките услови за вршење промет на стоки („Службен весник на РМ", бр 7/91 и 22/91)

Член 28

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1996 година.

Бр 18-11594
6 ноември 1995 година
Скопје

Министер за стопанство,
**Ристо Иванов**, с р

---

**1352.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 18 октомври 1995 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за утврдување на висината на месечниот придонес по броило што ќе го плаќаат потрошувачите на електрична енергија за одржување на уличното осветлување во градот Пробиштип и други населени места, донесена од Собранието на Општина Пробиштип на седницата одржана на 27 мај 1992 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, со Решение У.бр. 161/95 од 7 јуни 1995 година, по поднесена иницијатива, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност со член 33, 68 и член 114 став 4 од Уставот на Република Македонија и со член 5 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/93)

4. На седницата Судот утврди дека со оспорената одлука се утврдува месечниот придонес по броило што ќе го плаќаат потрошувачите на електрична енергија за одржување на уличното осветлување во градот Пробиштип и други населени места на подрачјето на Општината. Според член 2 од Одлуката под иматели на броила се подразбираат потрошувачите на електрична енергија од категоријата домаќинства и потрошувачите на електрична енергија од категоријата „останати потрошувачи", а според членот 3, висината на месечниот придонес по броило изнесува 100 денари месечно.

Во членот 4 од Одлуката е предвидено дека електродистрибутивната организација - Погон Пробиштип врши редовно фактурирање на Општината за потрошена електрична енергија за улично осветлување и за одржување на истото. Вредноста на фактурата се наплатува од средствата што ги собира електродистрибутивната организација - Погон Пробиштип, со сметките за наплата на електрична енергија, а по претходно извршена контрола од страна на комуналниот инспектор на поднесената пресметка до Собранието на Општината за наплата на средствата, а според член 5, Електродистрибутивната организација во текот на три месеци поднесува пресметка до Собранието за висината на собраните средства и нивната потрошувачка.

Според членот 6 од Одлуката, Општината во текот на годината, доколку средствата од месечниот придонес по броило не ги покриваат трошоците за уличното осветлување и неговото одржување, е должна месечниот придонес по броило да го усогласи со потребите.

Со членот 7 е предвидено дека Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 мај 1992 година, како и дека ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пробиштип."

5. Според член 33 од Уставот на Република Македонија секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Според член 68 од Уставот, Собранието на Република Македонија ги утврдува јавните давачки, а согласно член 114 став 4 од Уставот, општините се финансираат од сопствени извори на приходи определени со закон и од средства на Републиката.

Според член 5 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/93), приходите на единиците на локална самоуправа се обезбедуваат од даноци и тоа: данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности и права; од такси и тоа: комунални такси, дополнителени приходи од Буџетот на Републиката, во согласност со посебен закон; приходи од донации примени од земјата и странство; и други приходи отстапени на буџетите на единиците на локалната самоуправа по разни основи, во согласност со закон.

Според член 4 став 1 точка 12 од Законот за комуналните такси („Службен весник на СРМ" бр. 45/72, 39/77, 42/80, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 28/91, 34/92, 43/93, 17/93, 45/93 и 33/95), комунални такси се плаќаат, меѓу другото, и за користење и одржување на јавно осветлување, а според ставот 4 на овој член, под корисник на јавно осветлување се подразбира секој имател на броило од категоријата домаќинство и секој имател на броило од категоријата „останата потрошувачка".

Според тарифниот број 12 од Тарифата за комуналните такси, за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 15 квч по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Наплатата на таксата за користење и одржување на јавно осветлување од имателите на броило ја врши Јавното претпријатие за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија и ја уплатува на соодветна сметка кај институцијата за платен промет, во рок од 15 дена од извршената наплата.

Од наведените уставни одредби произлегува дека граѓаните плаќаат јавни давачки на начин утврден со закон и дека јавните давачки ги утврдува Собранието на Република Македонија, а општините се финансираат од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства од Републиката.

Со оспорената одлука Собранието на Општина Пробиштип утврдило обврска за граѓаните да плаќаат придонес за одржување на уличното осветлување во градот и други населени места и го уредило начинот на наплатата (со наплатата на електричната енергија), иако, според мислењето на Судот претставува пропис со кој се утврдува јавна давачка како извор на приходи на Општината.

Со оглед на тоа што општината со закон не е овластена да утврди обврска за плаќање комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, како приход на општината, Судот оцени дека оспорената одлука не е во согласност со означените уставни и законски одредби поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови, во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У.бр. 161/95
18 октомври 1995 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Јован Проевски**, с.р.

**1353.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр 70/92), на седницата одржана на 25 октомври 1995 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план на 4-та урбана единица во Охрид за дел од Месната заедница „Воска" - Охрид, донесена од Собранието на Општина Охрид на 13 април 1995 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. СЕ УКИНУВА времената мерка за запирање од извршување поединечните акти и дејствија донесени, односно преземени врз основа на оспорената одлука.

4. Уставниот суд на Република Македонија, со решение У.бр. 178/95 од 13 септември 1995 година, поведе постапка за оценување на законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со закон.

5. На седницата Судот утврди дека со Одлука У.бр. 74/94 од 15 февруари 1995 година ја укинал Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план на 4-та урбана единица во Охрид од 17 февруари 1994 година, затоа што во постапката за донесување на планот, мислењето на Републичкиот завод за заштита на природните реткости било презентирано на денот на одржувањето на седницата на Собранието на која е донесена оспорената одлука и еден дел од него е прифатен со оспорениот заклучок, а притоа, заклучокот не е вграден во одлуката, ниту е објавен во „Службен гласник" во кој е објавена оспорената одлука; што пред донесувањето на планот не е вклучен Заводот за заштита на спомениците на културата во Охрид; што согласноста од Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија е дадена по донесувањето на оспорената одлука, поради што Судот оценил дека оспорената одлука не била донесена во постапката предвидена со закон.

Судот, понатаму, утврди дека Собранието на Општина Охрид на седницата од 13 април 1995 година ја донело оспорената одлука, а во постапката за нејзиното донесување, сметајќи дека за извршувањето на одлуката на Судот У.бр. 74/94 е доволно да ја спроведе онаа постапка за која Судот интервенирал, прибавило само согласност за измените на Планот од Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и мислење од Заводот за заштита на спомениците на културата во Охрид, без претходно да спроведе јавна расправа и повторно да прибави мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

6. Со оглед на последиците врз оценуваниот акт правното дејство на одлуките на Уставниот суд се изразува како престанување на важењето на неуставниот односно незаконитиот акт и создавање правна празнина

на местото на оние норми за кои е оценето дека не се во согласност со Уставот и со закон. Одлуката на Уставниот суд не може да биде извор на правото на ист начин како оценуваната правна норма, затоа што на таквата намена не ѝ соодветствува ниту формата ниту содржината. Меѓутоа, одлуката на Уставниот суд претставува специфичен извор на правото со самото тоа што содржи заповед во правна смисла односно со самото тоа што со својата содржина врши влијание врз содржината на објективниот правен поредок на тој начин што на неуставните и незаконитите општи правни норми им ја одзема правната задолжителност и ги елиминира како правила на општествено однесување. Значи, одлуката на Уставниот суд и во овој случај претставува извор на правото во негативна смисла со обврзување на донесителот на актот и на другите субјекти создадената правна празнина да ја почитуваат сè додека не биде пополнета со донесување на нови правни норми кои се во согласност со Уставот и со законот.

Во конкретниот случај, тоа обврзува донесување на нова одлука на која ќе и претходи целокупната постапка предвидена со закон, со што се обезбедува зајакнувањето на правното дејство на одлуките на Уставниот суд за оценување на уставноста и законитоста.

Согласно член 31 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на СРМ" бр. 38/85 и 18/89), нацртите на плановите задолжително се ставаат на јавна расправа која се спроведува со излагање на плановите најмалку 15 дена во соодветна просторија на месната заедница, а забелешките на граѓаните и другите заинтересирани субјекти се доставуваат до органот на управата надлежен за работите на урбанизмот во писмена форма во рок од 15 дена од завршувањето на јавната расправа. Врз основа на прифатените забелешки од јавната расправа се подготвува предлог планот. Согласно член 33 од Законот, органот на управата надлежен за урбанизам му доставува на републичкото собрание односно на собранието на општината, предлог на просторен односно урбанистички план заедно со извештајот од јавната расправа со образложение за неприфатените забелешки.

Според член 9 став 1 од Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро („Службен весник на СРМ" бр. 45/77, 8/80, 51/88), градежните, хидромелиоративните, хортикултурните и други работи на крајбрежјето на езерото можат да се изведуваат само под услови и на начин утврдени со просторните планови на регионите, просторните планови на општините Охрид, Струга, Ресен и Гевгелија, а согласно став 2 на овој член од Законот, урбанистичките планови на населени места и урбанистичките планови на подрачје со посебна намена, како и прописите за спроведување на овие планови, се донесуваат по претходно прибавено мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

Согласно Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство, а која согласно член 118 од Уставот на Република Македонија и член 3 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија претставува дел од внатрешниот правен поредок на Републиката и согласно обврските кои се содржани во досието за номинација на охридското природно и културно-историско подрачје во списокот на УНЕСКО, се обезбедува заштита на крајбрежниот простор на Охридското Езеро во длабочина од 300 до 1000 метри, во зависност од условите на релјефот и потенцијалните опасности од деградација.

Од изнесените законски одредби произлегува дека како дел од постапката за донесување на урбанистички планови претставува и јавната расправа и за урбанистичките планови кои предвидуваат градежни и други работи во крајбрежјето на езерото, кое е под посебна заштита, мора да се прибави и мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

Со оглед на тоа што за донесување на одлуката не е одржана нова јавна расправа и повторно не е добиено мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости, Судот оцени дека таа не е во согласност со означените законски одредби.

7. Со оглед на тоа што Судот го поништи актот означен во точката 1 од оваа одлука ја укина и привремената мерка за забрана на извршување на поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на таа одлука.

8. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

9. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови, во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У. бр. 217/95
13 септември 1995 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Јован Проевски**, с. р.

**1354.**

